On this page:

Што треба да знаете
Како да се јавите на NDIS
Објаснување на NDIS
Планирање
Користење на вашиот NDIS план
Повеќе информации

Овој информативен лист содржи информации за луѓето со попреченост на кои им требаат јазични преведувачки услуги.

Што треба да знаете

Преведувачките услуги овозможуваат пренос на комуникации од претпочитаниот јазик на лицето, на англиски. Преведувачките услуги ги дава TIS National, во име на Националната програма за осигурување при попреченост (National Disability Insurance Scheme - NDIS).

За TIS National работат повеќе од 3.000 акредитирани преведувачи на повеќе од 160 јазици ширум Австралија.

Како да се јавите на NDIS

Може да се јавите на TIS National директно на 131 450 и побарајте да разговарате со NDIS на 1800 800 110.

Објаснување на NDIS

На корисниците на NDIS и на нивните негователи не им се наплатуваат јазичните преведувачки услуги.

Улога на преведувачите е да ги преведуваат само изговорените зборови. Тоа значи дека преведувачите не можат да ви даваат совети за NDIS.

Планери на NDIS, службите за рана интервенција во раното детство (Childhood Early Intervention Services) и службите за координација во локалната област (Local Area Coordination Services) може да ви помогнат да добиете преведувач.

Планирање

Вашиот NDIS планер, службите за рана интервенција во раното детство, службите за координација во локалната област или координаторот за поддршка (Support Coordinator) ќе ви нарачаат акредитиран преведувач.

На вашиот состанок можете да доведете роднина или пријател кои зборуваат англиски, но NDIS исто така ќе ви даде преведувач.

Кога е тоа можно, преведувачи ќе бидат нарачани за вашите состаноци лице-в-лице со NDIS, додека преведувачки услуги преку телефон ќе се користат за краткотрајни и едноставни комуникации.

NDIS може да обезбеди план за учество (participant plan) на јазикот што ќе го одберете вие или вашите негуватели.

Користење на вашиот NDIS план

Вашиот давател на NDIS услуги (NDIS Provider) има обврска да ви понуди преведувачки услуги, за да помогне да ја користите поддршката финансирана со вашиот план.

Вашиот давател на NDIS услуги или координатор за поддршка ќе организира преведувач лице-в-лице или по телефон заради јазична поддршка.

Поддршката на јазично преведување не е дел од вашиот NDIS план

Од вашиот давател на NDIS услуги може да побарате кога се сретнува со вас секогаш да нарачува конкретен преведувач; на пример, ако го сакате истиот преведувач или претпочитате тој/таа да е од конкретен пол.

Давателите на услуги регистрирани во NDIS, вклучувајќи ги координаторите за поддршка, може да се регистрираат во TIS, за да им овозможат на корисниците на NDIS и нивните негуватели пристап до преведувачи финансирани од NDIS.

Повеќе информации

NDIS - 1800 800 110

За луѓе на кои им треба помош со англискиот јазик

TIS: 131 450

За луѓе со оштетен слух или говор

TTY: 1800 555 677

Служба Speak and Listen: 1800 555 727

Пренос преку интернет: National Relay Service

www.relayservice.gov.au

Contact supports and services

Translating and interpreting

Find out about language interpreting services or phone **131 450**.

National relay service

Visit the National Relay Service website.

Family violence support

Find family violence and mental health services.

This page current as of
9 September 2020